# КЈП "Водовод" - Кочани



Сектор Геотерма



Сектор Водовод и канализација





Сектор Комунална хигиена



Сектор Градско зеленило и православни гробишта

# ПЛАН ЗА РАБОТА-АКТИВНОСТИ НА

## КЈП "Водовод" - Кочани

## во 2024 година



**Кочани, Декември 2023 г.**

## Дејност и Организациона поставеност

Комуналното Јавно Претпријатие "Водовод"-Кочани е основано како Комунална Работна Организација со решение на Собранието на Општина Кочани бр.01-1532 од 02.02.1968 год. и запишано во судскиот регистар под бр.286/68 од 02.02.1968 год. Како Јавно претпријатие е основано со одлука на Собрание на Општина Кочани бр.08-5606/1 од 16.11.1989 год.

Во рамките на регистрираните дејности претпријатието е овластено да ги извршува следните дејности:

**36.00** Собирање, обработка и снабдување со вода;
**35.30** Снабдување со пареа и климатизација;
**37.00** Отстранување на отпадни води;
**38.11** Собирање на безопасен отпад;
**42.21** Изградба на комунални објекти за течности;
**43.22** Поставување на инсталации за водовод, канализација и плин и инсталации за греење и клима-уреди;
**49.50** Цевоводен транспорт;
**52.21** Услужни дејности поврзани со копнениот превоз - работи на патиштата, мостовите, тунелите, паркиралиштата или јавните гаражи, паркиралиштата за велосипеди;
**68.20** Издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп(лизинг);
**81.30** Услужни дејности за уредување и одржување на животната средина;
**93.11** Работа на спортските објекти.

**35.11** Производство на електрична енергија

**38.32** Обновување на посебно издвоени материјали

**38.21** Обработка и отстранување на безопасен отпад.

КЈП "Водовод"-Кочани како единствено Комунално претпријатие во Општина Кочани ги извршува целокупните комунални дејности на подрачјето на општината и врши водоснабдување на Оризари и дел од општина Чешиново - Облешево.

Во согласност со статутарните одредби на Комуналното Јавно претпријатие"Водовод"-Кочани и правилникот за организација и систематизација истото е организирано во сектори и работни единици кои функционално се надополнуваат во своите дејности и овозможуваат континуирано и квалитетно извршување на комуналните дејности.

Организационите работни единици се:

***1.Сектор "Финасиско и комерцијално работење"***
***2.Сектор "Општо и правни работи"***
***3.Сектор "Водовод и канализација"***
***4.Сектор "Комунална Хигиена"***
***5.Сектор "Градско зеленило и православни гробишта"***
***6.Сектор "Геотерма"***
***7.Сектор "Ит и развој"***

## 1. СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО КОМЕРЦИЈАЛНО РАБОТЕЊЕ

Секторот финансиско комерцијално работење ги извршува своите работни обврски пред се во делот на финансиското работење, јавните набавки, делот во пласман, продажба и наплата на комунални услуги.

Во одделението за сметководство и финансии ќе се врши ажурно водење на сметководствената евиденција, книжења, пресметки и комплетирање на целосна документација која произлегува од деловните односи.Усогласување на побарувањата и обврските со комитентите. Наплата на сметки на благајна и пресметка на плата на вработените. Врз основа на извршениот попис ќе се врши усогласување на сметководствената со фактичката состојба. Одделенито ќе ги изготвува квартални извештаи за тековното работење и ќе ги доставува до органите за надзор и управување како и до основачот, согласно законските прописи. Врз основа на сметководствените документи ќе составува Годишен извештај за финансиското и материјално работење и ќе врши изготвување на финансовиот план за 2024 год. , ќе го достави до органите за надзор на претпријатието, согласно законските прописи и рокови.

Во одделението за пласман, продажба и наплата на комунални услуги, континуирано ќе се врши читање на водомерите и евидентирање на податоците со помош на мобилни апарати, пренесување на податоците во серверот, нивна обработка и изготвување на сметки за комунални услуги, и нивно доставување до сите корисници на комунални услуги. Исто така ќе се врши редовна контрола од страна на лицата за контрола, за ажурирање на базата на податоци за корисниците,усогласување на фактурираната со реално потрешената количина на вода, истовремено откривајќи нелегални приклучоци, а соодветствено со тоа и преземање на соодветни мерки со други надлежни институции за нивно санкционирање. Ќе се врши навремено постапување по барањата на корисниците,замена на блокираните со нови водомери и други активности се со цел точно евидентирање на потрошената количина на вода.Исто така планирано е да се прават поредовни контроли на секој инкасатор од страна на надредените како и периодично ротирање помегу инкасаторите. Успешното исполнување на сите овие активности доведува до намалување на комерцијалните загуби на вода. Со воведување на нов начин на брзо плаќање како и внесување на состојбите на водомерите на нашите корисници на веб страната на КЈП Водовод Кочани се дава можност на корисниците брзо и лесно да ги плаќаат сметките и да ги внесуваaат состојби од водомерите.

Продажниот простор и опрема во градскиот пазар како и двата помали пазари ги задоволуваат потребите на граѓаните, но во иднина треба да се преземаат одредени активности за подобрување на квалитетот на услугата.

Одделот градски паркинг ќе врши редовна наплата на паркинг услугите, а понатамошното работење ќе се одвива врз насоки од Советот на Општина Кочани.

Главни цели и задачи на одделението за набавки ќе бидат Објавување на Огласи за Јавни Набавки согласно Годишниот План за Јавни Набавки и согласно законските регулативи. Координација во припремата на Тендерските Документации и Техничките спецификации како и Координација во Евалуација на Понудите од Економските Оператори и Склучување на Договори за Јавни Набавки. Исто така ке се врши проверка на нарачките согласно со склучените договири за јавна набавка, како и проверување и пратење на реализацијата на договрите за набавква на стоки и услуги.

Набавка на потребните Стоки и Услуги согласно Договорите за Јавни Набавки и издавање на истите за редовното работење на претпријатието врз требовање и налог за работа од страна на раководителите.

**1.ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ**
**(СПОРОВИ СО ПРАВНИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА)**

Правната служба при одделението за застапување (спорови со физички и правни лица) за наредната 2024 година планира да ги спроведе неколку работни активности . Од досегашното работење и проблемите со кои се соочуваме при изготвување на предлози и тужби , како и од увид во ненаплатените побарувања од граѓани и физички лица ќе биде насочена кон редовно утужување - изготвување и обработка на предлози до нотар за физички и правни лица, изготвување на системски опомени за заостанати долгови по сите основи за извршени услуги, склучување на договори за плаќање на рати, утужување на долг по договор, како и присилна наплата преку поднесување на барања за извршувања до надлежен Извршител. Согласно измените и дополнувања на ЗОО, постапките ќе бидат ажурирани соодветно предложќените измени. Согласно Закон за нотаријат во постапка преку здружението АДКОМ ќе бидат предложени измени на чл.68 од законот се со цел намалување на трошоците во постапката каде задолжително учествува адвокат. Од досегашното работење трошоците за нотар и адвокат во некои постапки се поголеми од главното побарување кога се работи за помал долг. Затоа како Правна служба во наредната година ќе направи обид за што почесто изготвување на опомени како не би дошло до постапки за утужување.

**- Планираните активности за корисници физички лица ќе се одвиваат по следниот редослед:**

Во месец јануари ќе следи извршување на задачи согласно дадените овластувања за вршење на попис.

Изготвување на опомени против физички лица за мал долг сметки од 06-11/2023 година, кои при последното утужување не беа опфатени.

Од Месец февруари до месец мај по поднесените предлози ќе се направи анализа на наплатен побарувања , а по правосилните решенија против должници кои не ја извршиле обврската во предвидениот рок ќе бидат доставени соодветни барања за извршувања до надлежен извршител.

Од месец март до месец јуни изготвување на тужби по договор за регулирање на наплата на побарувања.

Во период од јуни - ноември изготвување на барања за извршувања.

Правната служба ќе изготува опомени на секои три месеци.

Во текот на целата година заложба на Правната служба ќе биде стратегија за зголемување на процентот на наплата преку редовни опомени, утужувања и изготвувања на барања за извршувања.

**-Во однос на планираните активности за Правна служба за работа со Правните лица дуќани и фирми**

Работата на ова одделение во текот на наредната година ќе биде во насока на изготвување на квартални опомени, анализа на обврски на корисниците, поднесување на предлози до Нотар, составување на тужби до суд и склучување на договори за плаќање на рати.

Во досегашното работење на Правната служба сме соочени со долгови на корисници кои немаат правен субјект, имаат неточни податоци, ненавремено извршена промена во базата на податоци по барања, а за кои Одделението за пласман, продажба и наплата мора во најбрз можен рок да пристапи кон решавање на овие проблеми со цел реализирање на наплата на побарувањата и извршување на услугите на вистинскиот корисник.

За ова нешто на повеќе наврати Правната служба се има писмено обратено до Одделението за пласман продажба и наплата за навремено ажурирање на податоците од назив на корисници, видови и извршени услуги.

За планираните активности кои предлага оделението за застапување (спорови со физички и правни лица) да ги превземе за идната година ќе се одвива во соработка со Одделението за пласман, наплата и продажба, а заради средување на базата на корисниците во делот на точноста на податоците, активни и пасивни корисници кои претставуваат услов за процесот на утужување пред нотар и надлежен суд.

Во наредната година Правната служба ќе направи анализа на спроведување на обврските за договорите, а посебно поднесените барања за извршување и спроведување на извршните решенија пред Извршител.

Воедно, предлагаме на менаџерскиот тим да се направи процедури за работа од кои ќе призлезат тековите на работење, спроведување на планирани обуки како и упатство и стратегија за справување со корисниците кои не ги плаќаат обврските спрема КЈП ,,Водовод,, Кочани, имаат голем долг, повеќе постапки пред нотари и извршители. Ова е со цел овозможување на големите должници склучување на договори за плаќање на рати.

Раководител на одделение –Ксенија Басовска

**2.ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРИ**

Одделението за човечки ресурси во 2024 година ќе ги врши работите и задачите што се однесуваат на правата и обврските на вработените во претпријатието, следењето и примената на законите, подзаконските акти, колективните договори и други прописи што се однесуваат на статусот, правата, должностите и одговорностите на вработените, изготвување поединечни акти во врска со остварувањето на правата, обврските и одговорностите на вработените и давање мислења и упатства по истите, како и многу други обврски кои произлегуваат од законските прописи.

Во делот за безбедност при работа, редовно ќе се врши вакцинирање, систематски прегледи и обука на вработените за безбедност при работа.

Во 2024 год. одделението за човечки ресурси ќе ги превзема следните активности:

- изготвување и доставување на Годишниот план за вработување за 2025 година и извештај за реализација на Годишниот план за вработување до МИОА,
- спроведување на постапки за вработување и унапредување согласно Годишниот план за вработување за 2024 год. според потребите на претпријатието,
- координирање и давање упатства за спроведување на оценувањето на административните службеници и на давателите на јавни услуги за 2024 год,
- изготвување и доставување на Извештај на ранг листа на годишни оценки на административните службеници до МИОА,
- анализирање на потребите за обуки, предлагање на насоки за доусовршување на вработените,
- изготвување и доставување на Годишниот план за обуки и извештај за реализација на Годишниот план за обуки за административните службеници до МИОА,
- изготвување и доставување на Годишен извештај за изречените мерки за утврдена дисциплинска и материјална одговорност на административните службеници до МИОА,
- водење и ажурирање на Информациониот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР),
- координирање и подготвување на планот за користењето на годишните одмори и изготвување на решенија за годишни одмори,
- водење на персоналните досиеја на вработените,

- други активности согласно законските прописи.

Раководител на одделение Кристина Финдачка
**Јасминка Димова-Пом.Директор по економски и правни прашања**

## 3. СЕКТОР ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

**1.Системзаводоснабдување**

Планиранитеактивностиза 2024годинасенасоченивоправецнаконтинуирано и квалитетноодржувањенацелокупнатаопрема (градежна, машинска, електро и останатаопрема) и реконструкцијанапостоечките и доградбанановиобјективосистемотзаводоснабдувањесоединственацел: континуирана и квалитетнаиспораканаводасонајнискитрошоципприработењето.

Вотекотна 2024годинаќебидеставенакцентна:

-Реконструкцијанацевководинакоиштоимамепочестапојаванадефекти (порадидотраеностнаматеријалот) - делодсопственисредстваилиодпрограми--линија за с. Тркање и с. Бања

-Променананеисправни и монтажанановивентилинадистрибутивнитецевководи

-Вградувањенановивоздушнивентили и замененапосточките

-Вградувањенановииспустнивентили

-Инсталација на редуцир на притисок на ул.Р.Петрова, Никола Карев-воен отсек

-Изградбананoвимернишахти (мерењенапроток, притисок и количина) соштоќесеоформатновимернизони, (мерна шахта и редуцир на притисок-Воен отсек, мерна шахта –Подлог кон мало стопанство, )

-Надоградбана SCADA–системот

-Надградба и модернизацијанасистемотзакатоднаазаштита, преспојување со чаури во мерна шахта Препумпна станица кон фабрика за вода поради инсталација на инсертен протокомер

-Замененамерниуреди (водомери)-350 волуметриски највеќе за социјално ранливи категории кој е во тек заменети 50 водомери до средината на Декември 2023 а замената ќе продолжи и во 2024 година

-Замененаситемерниуреди(водомери) доколкусеобезбедатсредстваодгрант (Средства од Проект проект за подобрување на инфраструктурата во водоводната и канализационата мрежа-Министерство за животна средина)

-Замена на комбинирани водомери (Веќе заменети 4 комбинирани и 6 водомери со поголем профил 1“, 5/4“ и 6/4“, и средствата се прибираат на посебна издвоена сметка и набавка на нови водомери)

-Изнаоѓање на техничкорешениезарезервоарДрачевик (поврзување со средна зона)

-Набавканапотопниагрегатизавобунарскиотсистем (Замена во Бунар бр.17 на постоечки мал пумпен агрегат од 5,5 kW со постоечки резервен од 11 kW за добивање на поголема издашност на бунарот од 10 л/с на 28-32 л/с, и набавка на два резервни пумпни агрегати од од 5,5 kW и 11 kW.

-НабавканастолбенагрегатзапсОризари

-Набавканамерачнапротокнавлезна ф-каавода

-

НабавканакомпресорзакомпримиранвоздухзапотребитенапроцесотвоФабрикатазавода

-Санацијанаградеженделнанекоиобјекти (Пумпнистаници, резервоари и работнипростории)

-Набавканапоквалитетнимерниуредизалабораторијаво ф-катазавода

- Набавканановилабораторискиапарати (спектрофотометар)

- Набавканановипроцесниконтролери, за Пумпна станица Устран Дол

- Сервисирањенакомандната блазарегулацијанаперењенафилтри во Фабрика за вода

- Сервисирање и набавканановиелектромагнетнивентилизаперењенафилтри, Фабрика за вода

- Сервисирањенадувалказавоздух, Фабрика за вода

- Сервисирањенасистемзапроизводствонакомпримиранвоздух, Фабрика за вода

-Сервисирањенавозниотпарк и набавка на товарно возило (патар)заекипитезаодржувањенаводоводнатамрежа

-Набавканаалатзапотребитенасекторот

-ХТЗ опрема

-Преземањеконкретниактивностизанамалувањенанеприходуванатавода во делот на техничките загубисовкупнатаопремастара(протокомер, дата логери за притисок, корелатор, геофон...) и новата дата логери на шум за скриени дефекти.

-Континуирананадградбана ГИС системите

-Продолжувањесореализацијанапроектот,Подзонивосистемотнаводоснабдување".

-Набавка на камион кипер

-Континуиранаконтроланаквалитетотнаводата

-Изработканаелаборатизаподземенкатастар

-Санирањенаозонгенераторили инсталацијанановсистемзаозонирањеодвоздухсоинсталацијанадодатнаопремасушач и компресор(соевентуалнообезбеденисредствапреку грант).

-Изработка на проектна документација која е основ за идниот развој на системот за водоснабдување

-Добивање на одлука за одобрување од Министерство за животна средина и Министерство за здравство за елаборат за пратење на нивото на подземни води во локалитетот,, Грдовски орман".

-Сервисни приклучоци-рехабилитација на стари и приклучок на нови (по потреба)

-Изработка на проект за математичко и хидраулично моделирање на системот

-Одржување, реконструкција и изградба на чешми за јавна потрошувачка на вода.

-Доколкусесоздадатфинансискипредуслови(сообезбеденисредствапрекугрант) ќепостоиможностзанадградувањеналабораторијатазаконтроланаквалитетотнаводата, сокрајнацелдадојдедосертификацијатанаистата, односноситеанализикоигивршизаводотзаздравственазаштита - Кочани, даможемедагивршимение.

-Изработка на нов експлоатационен бунар

-Реконструкција на потисен цевковод Ф508, завршно трет дел од цевководот од јазол 4 до Препумпна станица во должина од 1500 метри.

**2.Системзаодведувањенаотпадниводи**

Сосистемотзаодведувањенафекални и отпадниводисепокриенградотКочани и неколкуселскинаселбиоднизинскиотдел, а воодреденизониодградотпостоисистемзаодведувањенаатмосферскитеводи.

Планиранитеактивностиза 2024годинаќебидатвоправецнапрограмскопоставувањенаодржувањетонаовиедвасистеми. Тоазначидекаќеимамеконтинуираноперењенаелементитекоисесоставенделнаовиедва системи (шахти, сливници, сливнирешетки и цевководи) и одржувањенаобјектитеодградежenаспект (заменанаоштетеникапацинашахти, решетки, цевки и др.)

-Планиранисеактивностизаоткривањенаинфилтрацијанаводавоканализационитецевководи. Ова е потребнозапревентивноделувањеприотклонувањетонапроблемитезаработењетона ПСОВ. Соогледнаработатанапречистителната станица, вонаредниотпериодактивноститеќесесведатнаследењенададениупатстваzaодржување и континуиранаработа (дневни, неделни, месечни, полугодишни и годишниактивности).

-ПланскочистењенаканализационатамрежавоОпштинатасоспецијалнитевозилаКаналџет и џеттрејлердобиениодпроектотза ПСОВ.

-Обезбеден договор за сервис и ремонт на надградба на канал џет

-Во тек реализација за започнување на колектор за поврзување на Општина Виница кон ПСОВ Мојанци.

**Зоранчо Георгиев-Раководител на Сектор Водовод и канализација**

## 3. СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА

### 1. Планирани активности

**Во текот на 2024 година се планира следното:**

Поради тоа што се депонира отпадот од повеќе општини на нашата градска депонија, обемот на работа се зголемува. Постоечкиот булдожер е стар, постојано се јавуваат дефеци, а воедно и резервни делови е многу тешко да најдат планираме да набавиме понов булдожер кој би можел да одговори на зголемениот обем на работа. Набавката ќе се изврши согласно со планот за за јавни набавки за 2024.

За да нема непланирани застои поради дефеци се планира да се набави едно комунално возило. Набавката ќе се изврши согласно со планот за за јавни набавки за 2024.

Со цел да се подобри одржувањето на возилата се планира да се уреди простор блиску до механичарската работилница во стопански двор на КЈП „Водовод“ на кој ќе може да се врши непречено перење и подмачкување на возилата.

Се планира да се набави машина за перење на возила под висок притисок.

Поради старост мала ефикасност на постоечката цистерна се планира да се набави модерна цистерна за перење на улици и транспорт на вода.

Сите потребни програми и извештаји потребни за работа на секторот Комунална хигиена ќе бидат навремено изработени и доставени.

Собирањето на отпадот ќе се врши како и досега навремено и квалитетно, со утврдената динамика. Предвидената количина на отпад кој ќе се депонира врз основа на досегашното искуство изнесува 65.000 $m^3$ годишно.

Метењето на јавни површини ќе се врши согласно со програмата за јавна чистота, секојдневно, 2 пати неделно, или еднаш месечно.

Ќе се се следат промените на законски регулативи поврзани со работата на секторот и истите ќе се имплементираат.

Во текот на Јуни месец ќе се направи заштитен појас од проширување на пожар околу градската депонија .

Ќе се продолжи со расчистување на дивите депонија спрема потребите.

Согласно Законот за заштита при работа и работното место на работниците ќе им биде обезбедена ХТЗ опрема.

Метење на улиците и јавните површини според програмата за јавна чистота усвоена од Советот на Општина Кочани во која е предвидено да се метат вкупно 12.946.766 $m^2$ годишно.

Ќе се вршат и следните активности:

- Расчистување на снег и посипување со сол и песок според програмата за зимско одржување
- Организирање на дежурства за изнесување на смет во недела и за време на празници;
- Дежурства за заштита и гаснење на евентуална појава на пожар на депонијата;
- Одржување на градската депонија;
- Дежурства за зимско одржување на улиците во градот ;
- Чистење на дивите депонии низ градот и околните места;
- Поставување и одржувања на урбаната опрема во Општина Кочани;
- Поставување на нови контејнери од 1,1 $м^3$ на постоечките локации и на дополнителни, спрема потребите
- Промена и сервисирање на оштетената комунална опрема;
- Изработка и поправка на метални конструкции (шахти, решетки, клупи, огради и слично);
- Поправки за сектор Водовод и канализација - заварување на дефеци на цевководи и поправки на дефеци во пумпни станици и резервари;
- Перење и дезинфекција на улици спрема динамика утврдена со програмата за јавна чистота;
- Тековно одржување и сервисирање на возниот парк на КЈП Водовод Кочани;
- Третирање на депонијата со раствор од алги како заштитна мерка од запалување
- Набавка на алат и опрема за потребите на секторо

**Мирче Паунов – Раководител на Сектор Комунална хигиена**

## 5. СЕКТОР ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО И ПРАВОСЛАВНИ ГРОБИШТА

СТРАТЕШКА ЦЕЛ НА ПЛАНОТ ЗА АКТИВНОСТИ ЗА 2024 ГОД.

Планот за активности за 2024 год. на Секторот ,,Паркови и зеленило и паравославни гробишта,, за одржување на јавните зелени површини е насочен кон одржување на зеленилото на парковските површини, зеленилото на скверовите во централното градско подрајче, скверовите на споредните улици и зеленилото кај влезовите во град Кочани со цел хортикултурно уредување и високо естетско оплеменување на просторот со што ќе се постигне поурбан изглед на градот како и уредување и одржување на православните градски гробишта.

ПРЕДМЕТ НА ПЛАНОТ ЗА АКТИВНОСТИ ЗА 2024 ГОД.

**Овој план ќе опфати :**

***Редовно одржување:***

- Одржување на јавните зелени површини (паркови, скверови во централно градско подрачје, скверови во споредни улици, влезови во град, жардињери, цветни површини, патеки во зеленило, висечки жардињери);
- Подигнување на нови зелени површини со соодветно хортикултурно урдедување на истите
- Одржувањето на јавната чистота во парковските површини и градското зеленило;
- Подигнување на нови дрвореди
- Одржување на веќе постоечките дрвореди во градот;
- Рачно полевање и полевање со распрскувачи на зелените површини;
- Подготовка на цветни леи, садење и одржување на цвеќе и жардињери;
- Кроење и окопување на рози, грмушки, дрвја и др.;
- Собирање на хартија и отпадоци, собирање на лисја и чистење на тревник со гребло;
- Метење и стругање по патеки;
- Фито заштита и прихранување на цветни и тревни површини

- Производство на сопствен саден материјал( цвеќе и дрвја за дрворед)

- Машинско косење, собирање и рачен утовар на искосена трева;

- Одржување на системи за наводнување на зелените површини;

- Кроење на дрворедите по главните улици во градот;

- Постапување со деградирани дрвја на територија на Општина Кочани.

- Поставување на системи за наводнување на одредени зелени површини

-Одржување на сите кружни текови во опстина Кочани.

***Вонредно одржување на зелени површини кое ќе опфати:***

- Одржување на зеленило во рурални подрачја;

- Одржување на вегетација покрај локални патишта;

- Одржување на игралишта во приградски населби;

- Непредвидени активности при одржување на јавни манифестации (културни и спортски) организирани или поддржани од Општина Кочани

При изготвувањето на Планот за активности за 2024 год. за уредување и одржување на градското зеленило во Кочани земен е во предвид фактот дека начинот и интензитетот на одржувањето на зеленилото православните градски гробишта се менливи елементи кои се во корелација со местоположбата и потребите на градот, климатските услови, структурата на зеленилото и неговата распространетост.

Вкупната ефективна површина на јавни зелени површини за редовно одржување изнесува 125.661 м2.

Со цел да го задржиме и подобриме континуитетот за навремено и квалитетно одржување на зелените површини за 2022 год. Секторот ,,Градско зеленило и Православни гробишта,, при КЈП,,Водовод,,-Кочани планира да набави:

- Моторна косилка за трева бр. 4
- Моторна пила бр. 2
- Моторна пила-телескоп бр. 2
- Тракторска косилка бр. 1
- Тревокосачка со погон на тркалца бр. 3
- Дувалка за лисја бр. 2

Инвестиционите вложувања ќе се реализираат во зависност од сопствените расположиви средства на претпријатието.

Во рамките на секторот,,Градско зеленило и Православни гробишта,, одделението ,, Православни гробишта,,за 2024 год. ги планира следниве активности:

- Бетонирање на пристапни стази

- Оградување на ,,Градските Гробишта,,

- Поставување на нови приклучоци за чешми

- Поставување на електрична инсталација

- Поставување на канализациона мрежа во ,,Градски Гробишта,,

- Одржување на ,,Градска Капела,,(одари,климатизација,дезинфекција,ладилна комора и сл.)

- Склучување на договори со лиценцирани оператотри за погребување

- Склучување на договори со лиценцирани извршители на каменорезачки работи

Во Планот за активности за 2024 год. се прадвидени и следниве локации за хортикултурно уредување:

1. План за реконструкција и засадување на хортикултурен материјал на потегот од хотел,,Национал,, до раскрсница ,,Подлошки Пат,,.

2. План за подигнување на зелени површини и хортикултурно уредување на Бул.,,Тодосија Паунов,,

3. План за подигнување на зелени површини и хортикултурно уредување на Ул,,Ленинова,,.

4. План за поствување на систем за наводнување и подигнување на зелени површини и хортикултурно уредување на Централниот ,,Градски Парк,,.

5. План за хортикултурно уредување на кружните текови во градот кои се во фаза на изградба.

Планираните работни активности во 2024 год. можат да бидат зголемени или намалени за сметка на други работни операции согласно Програмата За уредување и одржување на градското зеленило на територијата на Општина Кочани во 2024 година усвоена од страна на Советот на Општина Кочани. Набавка, поставување и одржување на урбана опрема . Одржување на детски игралишта. Одржување на фонтана ,,Зрно,,.

**Зоран Стоилков–Раководител на Сектор Паркови и зеленило и православни гробишта**

## 6. СЕКТОР ГЕОТЕРМА

### *Основни податоци*

- СЕКТОР "ГЕОТЕРМА" како геотермален систем започнува со работа 1985 година, откако претходно е направена една обемна студија од институтот GEOTHERMEX,RICHMOND,CALIFORNIA, со вкупно 12 вработени, и функционира во организационите рамки на КЈП "Водовод" - Кочани.
- Самиот систем "Геотерма" преставува техничко-технолошка целина изградена од 5(пет) експлоатациони бунари, секундарна поврзана мрежа, пумпно-дистрибутивна станица и магистрално дистрибутивни цевководи, со комплетно сопствена инфраструктура.
- Својата основна функција ја извршува преку "Систем за искористување на ГТВ-Геотерма", кој има за цел да врши истражување, експлоатација, дистрибуција и реинектирање на геотермална вода од потенцијалот на лежиштето на ГТВ "Подлог-Бања" во Кочанската котлина. Се предвидува испорака на 400.000 $м^3$ геотермална вода, од кои би биле фактурирани 350.000 $м^3$, а за реинектирање би биле 300.000 $м^3$ геотермална вода. Овие проекции во најголема мера ќе зависат од временските услови кои во целост не можеме да ги предвидиме.

### *Планирани активности*

- Во тековната 2024 година, а во рамките на своите законски обврски, СЕКТОР "ГЕОТЕРМА"- Кочани, ќе ги доставува бараните извештаи до Државниот Завод за Статистика - Регионално одделение за статистика Штип.
- Изготвување на записници за месечната потрошувачка на геотермална вода, а потоа и нејзино фактурирање.
- Согласно обврските на КЈП "Водовод"- Кочани, за доставување на тримесечна пресметка за концесија за концесионото поле, изготвување на пресметки и нивно доставување до Министерство за економија, Сектор за Минерални суровини.
- Перманентно следење на статичкото ниво на аквиферот и водење на уредна евиденција преку неделни мерења, се со цел увид во состојбата, која последните неколку години е алармантна

### *Планирани проекти и апликации*

- Тековни активности за одржување на системот "Геотерма";
- Проект за нов засебен цевковод до градскиот базен, кој би бил наменет за евентуални нови и идни корисници, а би бил во функција 12 месеци во годината. Истиот проект подразбира и изведба на повратен цевковод со кој би се враќала искористената геотермална вода, односно би се реинектирала;
- Санација на бунар ЕБ-3 доколку се обезбедат средства;
- Санација на постоечкиот цевковод кон градот, бидејки истиот е веќе стар и подложен на дефекти;

- Анализа и подготовка на идејно решение за евентуално приклучување на нашиот систем на нови објекти од јавен интерес (дом на културата и др.);
- Хемиска анализа на геотермалната вода од реинектирањето;
- Санација на резервоарот;
- Заради стабилноста на системот "Геотерма", има потреба да се набави нов пумпен агрегат за бунарот Д-1 и ЕБ-3;
- Сервисирање на изолацијата на градскиот цевковод;
- Обнова и адаптација на постоечката шахта за мало стопанство за евентуални нови приклучоци;
- Превентивно одржување на постоечката опрема;
- Санација на 35 КВ далековод;
- Мерење со водомер на потрошена вода преку јавните чешми и нејзино фактурирање кон Локалната самоуправа;
- Набавка и инсталирање на протокомер на градскиот цевковод;
- Санација на градската чешма кај судот;
- Подготовка на проект за аплицирање кон разни домашни или меѓународни институции за промена на градскиот цевковод;

## *Надоградба на стручниот кадар во РЕ Геотерма - Кочани*

Во 2024 година треба да се предвидат активности за дообука на постојаните кадри, следејќи ги новите технички достигнувања, преку опремата која се инсталира. Од голема корист за доусовршување на стручниот кадар во Сектор "Геотерма" е и посета на друг Геотермален Систем каде ќе се разменат искуства за, и од работењето.

## *Развој на Системот Геотерма*

Имајки го во предвид активностите на Локалната самоуправа за развојот на Кочанската општина, како и зголемениот интензитет на контактирања од страна на разни организации, министерства со единиците на локалната самоуправа, за доискористување на геотермалниот потенцијал, развојот на "Геотерма" ќе оди во правец на:

- Со подршка од Општина Кочани, да се направат нови геолошки истражувања на Плачковичкиот расад, каде е и самата генеза, каде се очекува ГТВ со повисока температура;
- Каскадно до-искористување на геотермалниот потенцијал на системот;
- Континуитет во истражни хидрогеолошки работи (длабоки бушотини за добивање на геотермална вода со поголема температура);
- Подготовка на проект за снабдување со ГТВ на мало стопанство-запад;
- Анализа и истражување на пазарот за иновативен начин на изолација на цевководот, односно трајно решавање на истиот проблем;
- Подготовка и реализција на анкета за приклучување на нови корисници на геотермална вода, како во реонот-Град, така и во индустрискиот дел;
- Меморандум за соработка со УГД "Гоце Делчев"-Штип, за изведување на практична настава на студентите прв и втор циклус, од потребните профили за секторот "Геотерма";
- Организирање на дополнителни обуки и тренинзи на постоечкиот кадар;

**Дејан Ангелов – Раководител на Сектор "ГЕОТЕРМА**

## 7. СЕКТОР ИТ И РАЗВОЈ

### ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2024 ГОДИНА

***Редовни активности***

Како редовна активност, а воедно и една од неговите основни дејности Секторот за ИТ и развој во 2024 годинаќе се грижи за хардверското одржување на компјутерските мрежи во сите дислоцирани објекти на КЈП Водовод Кочани, како и одржувањето на софтверскитемодули

КЈП „Водовод" преку овој Сектор, и во наредната 2024 година, ќе ги доставува бараните извештаи до Државниот Завод за Статистика - Регионално одделение за статистика во Штип согласно законските обврски кои ги има.

Активностите поврзани со доставување на информации од јавен карактер до Барателите на информации, во согласност со Законот за пристап на информации од јавен карактер, исто така ќе бидат дел од редовните активности на Секторот, преку одговорното лице.

Останатите активности, кои ќе бидат предмет на ангажман на вработените од Секторот, во најголем дел ќе бидат насочени кон учество во реализација на активностите во тековните проекти, како и припрема на документација за апликацирање на нови проекти, за што објаснување ќе биде дадено во понатамошниот текст.

***Проект: Третман на отпадни води во Кочани/Follow Up фаза/***

Проектот финансиран со преку 20 милиони CHF, кои Владата на Швајцарската конфедерација ги донираше за реализацијата на проектот ПСОВ во Кочани, е секако од најголемо значење за КЈП Водовод Кочани.Поради недовршениот процес на регистрирање на компостот, што би овозможило негова можна понатамошна употреба (преку замена со оризова слама) проектот односно неговата Follow Up фаза беше продолжен до Февруари 2024 година). Во овој временски период е предвидена набавка на опрема за пакување на компостот (како предуслов поставен од Министерствотот за земјоделство) и активностите поврзани со јавна кампања за подигање на свеста за користење на произведениот компост.

Во рамките на Проектот, во 2024 година Секторот за ИТ и развој посебно ќе се фокусира на активностите кои се поврзани со намалување на административните загуби на вода, во координација со активностите од проектот финансиран од Владата на Република Словенија и општина Кочани.

Исто така вработените од овој Сектор ќе се ангажираат за финализирање на имплементацијата на софтверските решенија изработени во рамките на проектот, кои практично ќе станат дел од работните задачи и обврски на Секторот.

***Проект: Намалување на загубите на вода и искористување на соларната енергија во Комуналното јавно претпријатие во Општина Кочани***

Тековниот проект кој е резултат на успешното аплицирање за грант финансиски средства од Владата на Република Словенија е од значително значење за КЈП Водовод Кочани поради важноста на двете негови компоненти.

Овој проект предвидува формирање на Тим за детекција на загуби за вода, негова обука (веќе извршена) и теренски активности под мониторинг на надворешен експерт. Исто така е предвидена набавка и инсталација на 350 водомери за семејства под социјален ризик кои веќе се набавени. Овие активности се планира да бидат завршени до крајот на месец Мај 2024 година

Втората компонента предвидува изградба на две соларни централи со моќност од 440 и 120 KW на кровните конструкции на објектот Пречистителна Станица за отпадни води во Мојанци.

Активностите ќе се одвиваат во периодот до Јуни 2024 година за кога е предвидено официјалното пуштање во работа на соларните централи.

Вкупната вредност на проектот изнесува околу 447.000 евра од кои 50% е грант од Владата на Република Словенија и 50% финансиски средства од општина Кочани.

***Проект : Млади Еко инспектори***

И во 2024 година КЈП Водовод Кочани преку Секторот за ИТ и развој ќе продолжи соработка со проектни партнери училишта и НВОи од општината. Во Еразмус + проектот Млади еко инспектори кој таргетира еден од најголемите предизвици на град Кочани - загадувањето на амбиенталниот воздух и речните води. КЈП Водовод активно се вклучи преку свои експерти од тематските области а воедно и извршува дел од својата општествена одговорност како јавно претпријатие да учествува во активности од интерес на заедницата.

Вкупниот буџет на КЈП Водовод Кочани , односно одбрениот грант износ изнесува 32.924 евра.

***Соработка со проектни партнери од други држави***

Имајки во предвид дека нашата држава, а со тоа и КЈП Водовод, од 2024 година стана погоден партнер за се поголем број на програми финансирани од Европската Унија. Ова ја иницира потребата за воспоставување на партнерства со организации и институции од другите Европски држави.

Преку еден тековен проект на ЗЕЛС за вмрежување на општини од Република С. Македонија и општини од покраината Северна Рајна-Вестфалија, Република Германија, Општина Кочани и КЈП Водовод (како единствено комунално претпријатие вклучено во проектот) веќе направијапочетни работни средби со партнери од општината и комуналните претријатија за управување со комунален отпад EUV Stadtbetriebи пречистување на отпадни води од Castrop-RauxelEmschergenossenschaft. Ова беше остварено во рамките на студиското патување организирано одДржавната канцеларија на покраината Северна Рајна-Вестфалија преку фирматаGlobal Engagement.

Се очекува во последната недела од Март 2024 година да се направи возвратна посета на претставници од општината Castrop-Rauxelи Комуналните претпријатија за скрининг на можностите за соработка, а потоа и конкретни работни средби помеѓу тимови од комуналните претпријатија во области од заеднички интерест. Покрај преносот на искуство и добри практики, посебен акцент на соработката помеѓу комуналните претпријатија ќе биде даден на можностите за заеднички пристап до Европски фондови.

***Апликцирање на други проекти***

.Секторот за ИТ и Развој во текот на 2024 година ќе ги следи објавите на Повици за финансирање на проекти од страна на странските донатори, и оние повици на кои КЈП Водовод Кочани (и/или општина Кочани) ќе може да поднесе апликација, ќе бидат посебно анализирани и ќе се направи обид да се поднесе проектен предлог за барање за финансирање.

Врз основа на добиените информации,во 2024 година се очекува да се распишат повици за поднесување на проектни предлози во рамките на програмите ЕУРО Медитераниан, LIFE, АДРИОН, и Interreg Europe за кои од оваа година и Р. С. Македонија а погодна држава за аплицирање.За аплицирање на проект во рамките на програмата Interreg Europe на повикот кој ќе се објави во пролет 2024 година, веќе начелно се направени договори за заеднички настап со Германското комуналнo претпријатие Emschergenossenschaftод Castrop-Rauxel.

Исто така Секторот за ИТ и развој и во наредната година, ќе дава стручна помош на останатите Сектори на КЈП Водовод во припрема и аплицирање на проекти во програмите на надлежните Министерства на РМ, за средства наменети за водоснабдителни системи инабавка на комунална опрема, како и проекти од областа на искористување на обновливи извопри на енергија и заштита на животната средина.

***Подготвување на проектна документација***

Активностите за подготовка на проектна документација за потребите на КЈП Водовод Кочани, со кои во иднина ќе може да се пристапи до ЕУ фондовите како и до останатите странски донатори,ќе бидат во фокусот на Секторот за ИТ и развоји во наредната 2024 година.

Во моментот, а земајки ја во предвид енергетската ситуација во нашата држава и на глобално ниво, најголем предизвик е изработка на анализа, ревизија и надградба на постојната техничка документација за искористување на потенцијалот на геотермалните води.

Во насока на ова ќе се пристапи кон мисијата на Европската Унија во Скопје од каде ќе се бара финансиска подршка за овој проект.

**ЗАВРШНИ НАПОМЕНИ**

Имајќи во предвид дека Секторот за ИТ и развој изгради доста големо искуство за припрема и аплицирање на проекти, кои се од интерес на заедницата, а се поврзани со активностите на КЈП Водовод, вработените од Секторот и во 2024 година ќе останат

отворени за соработка со други институции и претставниците на граѓанскиот сектор (НВОи) од нашата општина.

На самиот крај, би сакале да ја истакнаме далеку подобрената редовна и активна соработка со надлежните соодветни Сектори од Локалната самоуправа на општина Кочани, која се надеваме дека и во наредната 2024 година ќе продолжи.

**Тодор Кушевски -Рак.на сектор ИТ и развој**

**Јасминка Димова-Пом.директор по екк. и правни прашања**

**---------------------------**

**Драганчо Ставрев-Технички директор**

**--------------------------**

Перо Георгиевски

**19.12.2023 година**
**КЈП „Водовод..Кочани**

**-----------------------------------**
**в.д. Директор**